**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 03-2699/6

Скопје 21.05.2014г.

**До**
**Трговско радиодифузно друштво**
**Телевизија Макпетрол**
**ДООЕЛ Скопје**

**За**
**Управителот, Ристо Лазаров**


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Бул. ВМРО бр.3
1000 Скопје
Република
Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk


**Предмет: Одговор на Ваш допис, бр.143-0204 од 16.05.2014 г.**

Почитувани,

По повод Вашиот допис, бр.143-0204 од 16.05.2014 година (наш бр.03-2699/5 од 16.05.2014), доставен во врска со поведените прекршочни постапки, односно постапките за порамнување од страна на Агенцијата заради прекршувањата на член 76 став 2 и член 75 став 1 од Изборниот законик од страна на ТРД Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје, а во кој истакнувате барање за повторно разгледување на Извештајот од мониторингот на медиумското покривање на претседателските и предвремените парламентарни избори во 2014 година бр.10-2690/2 од 09.05.2014 година и Заклучокот за поведување прекршочна постапка, Ве известуваме за следното:

Неосновани се Вашите наводи дадени во предметниот допис дека "*изборната кампања е единствен процес и поради тоа е невообичаено за следењето на медиумското претставување да бидат покренати две постапки во различно време*".

Изборната капања е јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми во предизборниот период за одреден вид избори. **Изборното медиумско претставување** односно промовирањето (непосредно или посредно) на ставови, програми, платформи, достигнувања, активности и друго на политичките партии, коалиции, групи избирачи и нивните претставници, **како еден сегмент од изборната кампања, неможе да се сведува на еден процес од аспект на прекршочната постапка, во смисла дека дејствијата на радиодифузерите во** изборната кампања односно во изборното медиумско претставување **претставуваат едно дејствие**, кое дејствие **доколку е спротивно на** одредбите од **Изборниот законик, претставува еден прекршок.**

Имено, согласно член 5 од Законот за прекршоците „*прекршок е противправно дело кое со закон е определено како прекршок, чии обележја се определени со закон и за кое е пропишана прекршочна санкција*".

**Во конкретниот случај, станува збор за две одделни противправни дела** (прекршувања на две различни законски одредби), **кои во Изборниот законик, се определени како одделни прекршоци,** чии **обележја се одделно определени** во Изборниот законик **и за кои одделно е пропишана**

**прекршочна санкција** и тоа:

- Член 76, став 2 од ИЗ пропишува дека: „*Во сите облици на платеното политичко рекламирање нарачателот на рекламирањето мора да биде јасно означен*"

  Постапувањето спротивно на член 76 став 2 од ИЗ односно ***ако радиодифузерот јасно не го означи нарачателот*** *на платеното политичко рекламирање*, ***согласно член 183 став 1 алинеја 2 и став 2*** од истиот закон ***е определено како прекршок и пропишани се глоби*** (во износ од 3.000 до 5.000 евра – за радиодифузерот и во износ од 500 до 1500 евра – за одговорното лице во радиодифузерот).

- Член 75, став 1 од ИЗ пропишува дека: „*Радиодифузерите односно јавниот радиодифузен сервис и трговските радиодифузни друштва што одлучиле да ги покриваат изборите се должни тоа да го прават на правичен, избалансиран и непристрасен начин во својата вкупна програма*"

  Постапувањето спротивно на член 75 став 1 од ИЗ односно **ако радиодифузерот не обезбеди *покривање на изборите на правичен, избалансиран и непристрасен начин*** во својата вкупна програма за сите учесници во изборниот процес, ***согласно член 181-а став 1 алинеја 1 и став 2*** од истиот закон ***е определено како прекршок и пропишани се глоби*** (во износ од 3.000 до 5.000 евра – за радиодифузерот и во износ од 500 до 1500 евра – за одговорното лице во радиодифузерот).

Оттука, **неосновани во целост се Вашите наводи дека во случаи како што се предметните констатирани прекршувања, треба да биде поведена една прекршочна постапка односно да се спроведе една постапка за порамнување и да се изрече единствена санкција, од причина што станува збор за две одделни противправни дела за кои се препишани одделни прекршочни санкции во Изборниот Законик.**

Неприменлив во конкретниот случај е институтот „стек на прекршоци" на кој упатувате во Вашиот допис, бидејќи согласно член 26 од став 1 од Законот за прекршоци пропишано е дека „*ако сторителот со едно дејствије или со повеќе дејствија сторил повеќе прекршоци, но не е донесена одлука за прекршок, претходно ќе се утврди санкцијата за секој одделен прекршок, а потоа ќе се изречат како единствена санкција сите така утврдени санкции*".

Во оваа насока, напоменуваме дека за прекршувањето на член 76, став 2 од ИЗ од страна на ТРД Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје, донесена е одлука за прекршок и спроведена е постапка за порамнување согласно одредбите од Законот за прекршоците и Изборниот законик, која постапка е успешно завршена со плаќањето глоби од Ваша страна.

Во однос на Извештајот од програмскиот надзор (мониторингот) на програмата на ТРД ТВ Макпетрол ДООЕЛ Скопје емитувана за време на изборната кампања за Претседателските и за Предвремените парламентарни избори 2014 година – од 24 март до 25 април 2014 година, бр.10-2690/2 од 09.05.2014 година, точно е дека во него се нотирани повеќе позитивни аспекти за начинот на известување на ТВ Телма, но исто така, регистрирани се и разлики во отстапеното време за различните учесници во изборните кампањи за двата изборни процеси.

Неосновани се и Вашите наводи дека обврските на радиодифузерите се утврдуваат врз основа на Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси.

Имено, како што и погоре е наведено, обврските на радиодифузерите поврзани со изборното медиумско претставување пропишани се во Изборниот законик.

Методологијата, бр.01-564/1 од 28.01.2014 година, е интерен акт на Агенцијата со кој Агенцијата ги утврдува периодите, опфатот, начинот и целите на мониторингот на изборното медиумско претставување преку РА и ТВ програмски сервиси за време на изборните процеси. Следствено на тоа, со Методологијата не се пропишуваат обврски за радиодифузерите туку се утврдува начинот на кој Агенцијата ќе го мониторира исполнувањето на законските обврски за радиодифузерите, кои се пропишани во Изборниот законик, а кои се однесуваат на изборното медумско претставување.

Оттаму, Агенцијата останува на констатираното во Извештајот од програмскиот надзор (мониторинг) на програмата на ТРД ТВ МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитувана за време на изборната кампања за Претседателските и за Предвремените парламентарни избори 2014 година - од 24 март до 25 април 2014 година бр. 10-2690/2 од 09.05.2014 година – дека спротивно на член 75 став 1 од Изборниот законик, ТРД ТВ МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје не обезбеди избалансирано покривање на изборната кампања на сите учесници во изборниот процес за Претседателските избори, во периодот од 24 март до 25 април, и за Предвремените парламентарни избори, во периодот од 5 до 25 април.

Имено, во првиот изборен круг за Претседателските избори, спротивно на принципот на еднаквост, не обезбеди еднакво време за сите четворица претседателски кандидати, додека во однос на Предвремените парламентарни избори, не беше доследно почитуван принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи за пратеници во сите шест изборни единици. Нешто повеќе време беше отстапено за Коалицијата предводена од СДСМ, а за дел од учесниците во изборниот процес воопшто не беше информирано.

Врз основа на сето понапред наведено, а согласно **Заклучокот бр. 02-2846/4 од 21.05.2014 година,** донесен на 31-та седница одржана на 21.05.2014 година, **Ве известуваме дека Агенцијата не го прифаќа Вашето барање за повторно разгледување на Извештајот** од програмскиот надзор (мониторингот) на програмата на ТРД ТВ Макпетрол ДООЕЛ Скопје емитувана за време на изборната кампања за Претседателските и за Предвремените парламентарни избори 2014 година – од 24 март до 25 април 2014 година, бр.10-2690/2 од 09.05.2014 година **и на Заклучокот** за поведување прекршочна постапка, бр.02-2665/8 од 09.05.2014 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**